# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба, Рок за рекламации 15 дена.

Понеделник, 10 февруари 1992
Скопје
Број 7 Год. XLVIII

Аконтацијата за 1992 година изнесува 2.600 динари. Овој број чини 60 динари. Жиро сметка 40100-603-12498


**108.**

Врз основа на член 75 ставовите 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за административните такси,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 јануари 1992 година

Бр. 08-361/1
28 јануари 1992 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с. р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ

Член 1

Во Законот за административните такси („Службен весник на Република Македонија" бр. 45/72, 30/77, 25/84, 31/84, 44/85, 7/88, 51/88, 41/89, 47/90, 11/91 и 55/91), Тарифата на административните такси се менува и гласи:

„Тарифа на административните такси

се плаќа во динари

Тарифен број 1

За барања, молби, предлози, пријави и други поднесоци 20

Забелешка:
Таксата според овој тарифен број не се плаќа за дополнителни поднесоци со кои странката бара само побрзо постапување во порано поднесено барање.

Тарифен број 2

За жалба против решение 100

Тарифен број 3

За сите решенија за кои не е пропишана посебна такса 100

Забелешка:
1. Ако се донесува едно решение по барање на повеќе лица, таксата според овој тарифен број се плаќа онолку пати колку што има лица на кои им се врачува решението.
2. За решенија донесени по жалби не се плаќа такса.

Тарифен број 4

| | |
|---|---|
| | Се плаќа во динарска противвредност од 500 САД $ |
| 1. За решение за стекнување на државјанство на Република Македонија | |
| 2. За решение за престанок на државјанство на Република Македонија | 1.000 САД $ |

Забелешка:

Ако решението се однесува на стекнување или престанок на државјанство на членови на семејства, се плаќа една такса за сите членови на семејството.

Тарифен број 5

За решение за кое се одобрува право на запишување на пловни објекти за внатрешна пловидба во регистарот, односно очевидецот

| | Се плаќа во динари |
|---|---|
| 1) за пловни објекти | 400 |
| 2) за чамци | 200 |

Тарифен број 6

За дозволи и визи кои ги издава органот на управата надлежен за внатрешни работи на граничните премини:

| | |
|---|---|
| 1. За државјани на Република Македонија | |
| а) за дозвола за движење и задржување на граничен премин | 120 |
| б) за постојана дозвола за движење и задржување на граничен премин | 1200 |
| 2. За странски државјани | |
| а) за виза на патна исправа за едно патување заради престој во Република Македонија за еден транзит | 800 |
| б) за виза на заедничка патна исправа (за секое лице) | 300 |
| в) за туристичка пропусница | 140 |
| г) за дозвола за движење и задржување на граничен премин | 120 |
| д) за дозвола за движење и престој надвор од местото на граничен премин | 120 |
| ѓ) за постојана дозвола за движење и задржување на граничен премин | 120 |

Забелешка:
1. За виза на патна исправа во која се запишани и членови на семејството на лице на кое му е издадена патна исправа се плаќа една такса.
2. Таксата од овој тарифен број се плаќа во готови пари.

Тарифен број 7

За издавање, продолжување на рокот на важење или издавање дупликат на патна исправа за патување во странство.

1. За државјани на Република Македонија

| | |
|---|---|
| а) за издавање на патна исправа | 600 |
| б) за продолжување на рокот на важењето на патната исправа | 600 |
| в) за издавање на детска патна исправа | 200 |
| г) за издавање на постојана патна исправа | 2.000 |
| д) за дополнително внесување на член од семејството во важечка патна исправа за деца до 14 години | 200 |
| ѓ) за дополнително внесување на член од семејството во важечка патна исправа за лица над 14 години | 600 |
| е) за издавање на дупликат патна исправа | 1.400 |
| ж) за издавање на колективна патна исправа (за секое лице) | 300 |
| з) за издавање и продолжување на рокот на важењето на пропусницата за преминување на границата во малограничниот сообраќај | 200 |
| и) за издавање на виза на патна исправа | 600 |
| ј) за издавање на виза на колективна патна исправа (за секое лице) | 300 |
| к) за деловна виза (клаузула деловно) | 400 |

Забелешка:
Кога се внесува член од семејството во патна исправа кога прв пат се издава или кога се продолжува нејзината важност се плаќа таксата за издавање на патна исправа, односно за продолжување на рокот на важењето на патната исправа.

2. За странски државјани

Се плаќа динарска противвредност во САД $

| | |
|---|---|
| а) за излезно-влезна виза за странци | 14 $ |
| б) за излезно-влезна виза за повеќе патувања | 14 $ |
| в) за излезно-влезна виза за неограничен број патувања | 20 $ |
| г) за излезна виза | 13 $ |
| д) за одобрување на привремен престој до 3 месеци 5 $, а за секои 3 наредни месеци по | 10$ |
| ѓ) за одобрување на привремен престој преку 3 месеци | 10 $ |
| е) за издавање патна исправа за лица без државјанство | 15 $ |
| ж) за издавање на патна исправа за бегалци | 10 $ |
| з) за издавање на патен лист за странци | 14 $ |

Тарифен број 8

За издавање и продолжување на рокот на важењето на дозвола за движење и престој во граничниот појас:

1 За државјани на Република Македонија

Се плаќа во динари

| | |
|---|---|
| а) за издавање или продолжување на рокот на важењето на постојаната дозвола за движење и престој во граничниот појас | 30 |
| б) за издавање на привремена дозвола за движење и престој во граничниот појас | 20 |
| в) за издавање на колективна привремена дозвола за движење и престој во граничниот појас (за секое лице) | 20 |

2. За странски државјани

| | |
|---|---|
| а) за издавање или продолжување на рокот на важењето на постојаната дозвола за движење и престој во граничниот појас | 8 $ |
| б) за издавање на привремена дозвола за движење и престој во граничниот појас | 6 $ |
| в) за издавање колективна привремена дозвола за движење и престој во граничниот појас (за секое лице) | 6 $ |

Тарифен број 9

| | | Се плаќа во динари |
|---|---|---|
| 1 | За издавање на дозвола за поседување и носење на оружје | 1 400 |
| 2 | За дозвола за поседување на оружје | 700 |

Забелешка:

1. За издавање на дозвола за поседување и носење на ловечки пушки со неолучени цевки и оружје за спортски цели се плаќа намалена такса 50% од износот утврден во овој тарифен број.

2. Такса според овој тарифен број не плаќаат воените лица, службените лица на органите за внатрешни работи и други лица кои држат и носат оружје според прописите на службата.

3 Такса според овој тарифен број не се плаќа на оружје што се наоѓа кај стрелачки организации и служби за обука на граѓани, како и за натпреварување на стрелишта.

Тарифен број 10

| | |
|---|---|
| За акт врз основа на кој се стекнува право за самостојно вршење на дејност со личен труд и со средства во сопственост на граѓаните како и вршење на професионална дејност | 2.000 дин. |

Тарифен број 11

| | |
|---|---|
| 1. За одобрение за полагање на возачки испит, за издавање на нова возачка дозвола за замена на возачка дозвола поради дотраеност, за пријавување на место на живеење на возачот за издавање или продолжување на важноста на сообраќајната дозвола за моторно или приклучно возило | 100 дин. |
| 2. За издавање на привремена или дупликат возачка или сообраќајна дозвола за моторно или приклучно возило | 400 дин |

Тарифен број 12

| | |
|---|---|
| 1. За полагање на возачки испит: | |
| а) за управување со моторни возила распоредени во категорија „А“ и „Е“ | 400 дин. |
| б) за управување со моторни возила распоредени во категорија „Б“ и за управување со трактор | 600 „ |
| в) за управување со моторни возила распоредени во групите „Ц“ и „Д“ | 1.000 „ |
| г) за управување со велосипеди со мотор | 200 „ |
| 2. За полагање на делот од возачкиот испит што се однесува на прописите за безбедноста на сообраќајот на патиштата: | |
| а) за управување со моторни возила распоредени во категорија „А“ | 200 „ |
| б) за управување со моторни возила распоредени во категорија „Б“ и за управување со трактори | 400 „ |
| в) за управување со моторни возила распоредени во категорија „Ц“ и „Д“ | 600 „ |

3. За полагање на делот од возачкиот испит што се однесува на управување на моторни возила или со трактор:

| | |
|---|---|
| а) за управување со моторни возила распоредени во категорија „А“ | 200 „ |
| б) за управување со моторни возила распоредени во категорија „Б“ или управување со трактор | 300 „ |
| в) за управување со моторни возила распоредени во категорија „Ц“, „Д“ и „Е“ | 400 „ |

Тарифен број 13

За уверение што го издаваат органите ако не е пропишано поинаку 20 „

Тарифен број 14

За уверение со кое се докажува потеклото или вредноста, количеството и квалитетот или здравствената исправност на стоките 60 „

Забелешка

Оваа такса не се плаќа на странските поштенски декларации, кои го придружуваат спроводниот лист

Тарифен број 15

За дупликат на исправи за завршено школување или стручна квалификација 30 „

Тарифен број 16

За препишување на службени акти или документи што се врши кај органите

| | |
|---|---|
| 1) кога препишувањето го вршат заинтересирани лица од полутабак на оригиналот | 4 |
| 2) кога препишувањето го врши органот од полутабак на оригиналот | 20 „ |
| 3) кога органот го врши препишувањето на акти или документи на странски јазик од полутабак на оригиналот | 30 „ |

Забелешка:

Како полутабак се подразбира лист хартија од 2 страници од нормални канцелариски формати или помал.

Тарифен број 17

За преводи од еден на друг јазик:

| | |
|---|---|
| 1) ако текстот на оригиналот не надминува 100 зборови | 30 дин. |
| 2) ако текстот на оригиналот содржи повеќе од 100 зборови се плаќа за секој цел или започнат полутабак | 90 „ |

Тарифен број 18

За заверка на потпис, ракопис и препис:

| | |
|---|---|
| 1) за заверка на секој потпис | 20 дин |
| 2) за заверка на автентичноста на ракописот или за заверка на препис од секој полутабак на оригиналот | 20 „ |

Забелешка:

1) како полутабак се подразбира лист хартија од две страни, од нормален канцелариски формат или помал и

2) ако ракописот, односно преписот чија заверка се врши е напишан на странски јазик, се плаќа двој на такса од точка 2) од овој тарифен број

Тарифен број 19

За заверка на план 100 дин.

Забелешка·

За заверка на копија од катастарски план не се плаќа такса според овој тарифен број, туку според тарифниот број 27.

Тарифен број 20

За заверка на хелиографска копија на план (цртеж) се плаќа од целиот или започнат квадратен метар 40 „

Тарифен број 21

За заверка на договор чија вредност е:

| | |
|---|---|
| — до 20.000 динари | 200 дин. |
| — над 20.000 до 60.000 динари | 300 „ |
| — над 60.000 до 100 000 динари | 400 „ |
| — над 100.000 динари | 900 „ |

Тарифен број 22

За заверка на полномошно 20 дин.

Тарифен број 23

За дозвола за поставување на радиостаница.

1) за радиодифузна станица и радиостаница на која и е доделена една фреквенција

| | |
|---|---|
| а) до 0,5 КВ | 200 дин. |
| б) над 0,5 до 5 КВ | 240 „ |
| в) над 5 до 10 КВ | 300 „ |
| г) над 10 до 50 КВ | 400 „ |
| д) над 50 КВ | 600 „ |

| | |
|---|---|
| 2) за радиостаница на која ѝ се доделени две фреквенции | 300 „ |
| 3) за радиостаница на која ѝ се доделени три или повеќе фреквенции | 400 „ |
| 4) за дозвола на работа на радиостаница | 200 „ |

Тарифен број 24

За спроведување на сите промени во административните делови на катастарскиот операт, што настанале по кој и да било основ, се плаќа такса во готово и тоа:

| | |
|---|---|
| а) за спроведување на промени на насловната страна на постоен или новоотворен поседовен лист, како и за пренос на цели парцели од еден поседовен лист во друг, од секоја парцела | 20 дин. |
| б) за спроведување на промени на култура и делби на парцели, од секоја парцела, од новата состојба | 100 „ |

Забелешка:

Такса од точка а) од овој тарифен број плаќа секој нов сопственик што се запишува во катастарскиот операт, како и оној сопственик на кој му се менува идеалниот сопственички дел, односно сопственик во чиј поседовен лист се пренесуваат парцелите

Такса од точка б) плаќаат сопствениците во чии поседовни листови се спроведуваат промени.

Такса од оваа точка се пресметува и наплатува при поднесување на поднесокот — пријавата.

За спроведување на промени во административните делови на катастарскиот операт, ако една иста парцела претрпи две промени наведени во точките а) и б) на овој тарифен број, а тие промени истовремено се спроведуваат и во катастарскиот операт се плаќа само една такса од точка б) на овој тарифен број

Таксата според овој тарифен број се пресметува според извршеното спроведување на промените во катастарскиот операт и ја наплатува Геодетската управа

Тарифен број 25

За премерувањата што се вршат по пријави како и по пријавите во претходната постапка, а кои се однесуваат на делби на одделни поседи, вклучувај-

ќи ги и канцелариските геодетско-технички работи во врска со тие премерувања се плаќа такса според парцелите во нова состојба и тоа:

а) кога сопствениците на теренот сами ги омеѓиле и обележале новите граници на делбените парцели со трајни и видливи белези 120 дин.
б) кога сопствениците на теренот сами не се во можност да извршат омеѓување и обележување на новите граници на делбените парцели, а физички делови се условни површини (под условна површина се подразбира на плановите да се одреди и соодветна површина и да се пренесе на терен) 160 „
в) за физичка делба и промена на култура 120 „

Тарифен број 26

За давање копија од катастарски планови се плаќа такса за секоја парцела 40 дин
а) за копија од катастарски планови со хоризонтална претстава од еден хектар 20 „
б) за копија од катастарски планови со хоризонтална и вертикална претстава по еден хектар 20 „
в) за копирање или препишување на податоците што не се опфатени во тарифните броеви 27, 30 и 31 од тарифата се плаќа такса по потрошен работен час 60 „

Забелешка·
Материјалните трошоци ги сносат барателите на копијата на катастарските планови и елаборати.

Ако копијата на плановите и натаму се умножува по хелиографски пат или на друг начин, тогаш за секој така умножен примерок се плаќа покрај трошоците за умножување уште и такса од 20 дин.

Тарифен број 27

За препис од поседовниот лист и други делови од катастарски операт или за изводи од нив се плаќа такса од 20 дин

Тарифен број 28

За препишување и копирање на податоци од теренски елаборати (елаборати на премерот)·

а) за препишување и копирање на податоци како и за снимање на една страна од оригиналот по 20 дин
б) за копирање на детални скици мануали и фотоскици или за дополнување на копии на планови со податоци од снимањето по квадратен дециметар површина на цртежот на оригиналот по 20 „

Тарифен број 29

За заверка на копија од план во големина на полутабак (формат 22/35) 20 дин

За заверка на препис и извод од катастарскиот операт се плаќа такса според бројот на табаците на образецот користен за препис и тоа:

а) за првиот табак (катастарски операт) 20 дин.
б) за секој нареден табак се плаќа такса 60 „

Забелешка:
Органот и организациите што ги користат податоците од геодетските планови и катастарските оперети и елаборати, а се финансираат од Републичкиот буџет не плаќаат такса.

Тарифен број 30

За координанти се плаќа по следната такса:

а) за тригонометриски точки со нивната положба за секоја координата по 100 дин.
б) за котите на реперите и нивната положба за секоја кота по 40 „
в) од полигонските и мали точки за секоја точка по 40 „

Тарифен број 31

За акт со кој се одобрува локација за изградба на градежни објекти 200 дин.
За акт со кој се издава урбанистичка согласност на техничката документација за изградба на градежни објекти 200 „

Тарифен број 32

За издавање протокол за регулациони градежни објекти или градежна линија:

а) за една улица 100 дин.
б) за повеќе улици 150 „

Забелешка:
За обнова на регулациони и градежни линии се плаќа 70% од соодветната такса од овој тарифен број, како и такса по потрошен работен час од 2 динари.

Тарифен број 33

За акт со кој се одобрува подигање на градежен објект кој не подлежи на такса според тарифниот број 36·

а) за помали земјоделски објекти 100 дин.
б) за други градежни објекти 200 „

Забелешка:
За акт со кој се одобрува реконструкција, проширување, доградување, или поправка на градежен објект се плаќа според овој тарифен број.

Тарифен број 34

За акт со кој се одобрува подигање хидротехнички постројки со цел за користење на водни сили.
1. За протечни постројки (мали електрани, воденици, валалници, стругарници, мелници):

а) до 500 КС 180 дин
б) над 500 до 1.000 КС 300 „
в) над 1 000 КС 900 „

2 За уреди за водоводи, наводнување, мелиорации, како и за други водозафати·

а) до 1 000 литри капацитет во 1 секунда 140 дин.
б) над 1 000 до 2 000 литри капацитет во 1 секунда 300 „
в) над 2 000 до 3 000 литри капацитет во 1 секунда 400 „
г) над 3 000 литри капацитет во 1 секунда 600 „

За решение со кое се одобрува подигање на постројки со акумулации се плаќа такса од точка 1 односно точка 2 на овој тарифен број зголемена за 50%

Тарифен број 35

За одобрение за изградба што се издава според прописите за изградба на инвестициони објекти, се плаќа такса според вредноста·

а) ако вредноста на објектот е до 200.000 динари 300 дин
б) ако вредноста на објектот е над 200 000 до 1.000.000 динари 400 „

| | |
|---|---|
| в) ако вредноста на објектот е над 1.000 000 до 1 600 000 динари | 500 „ |
| г) ако вредноста на објектот е над 1.600.000 до 2.400.000 динари | 600 „ |
| д) ако вкупната вредност на објектот е поголема од 2 400 000 динари | 2.000 „ |

Тарифен број 36

За преглед на местото за подигање на градежен објект или постројка, ако пресметковната вредност изнесува·

| | |
|---|---|
| а) до 200.000 динари | 200 дин. |
| б) над 200 000 динари | 500 „ |

Тарифен број 37

За преглед на градежни објекти со цел за давање одобрение за употреба:

| | |
|---|---|
| 1 до 10 простории | 200 дин |
| 2 над 10 простории | 400 „ |

За преглед на други градежни објекти (нови, реконструирани или адаптирани) со цел за издавање за дозвола за употреба се плаќа 0,01% според пресметковната вредност на објектот.

Тарифен број 38

За технички преглед на машини, електрични, електромашински, гасни и други постројки ,кои според постојните прописи подлежат за задолжителен преглед заради добивање одобрение за употреба, се плаќа такса по работен час (за секој работен час) 80 дин.

За технички преглед на моторни возила или приклучни возила, или приклучни возила што ги влечат моторните возила или подлежат на регистрација, за технички преглед на земјоделски трактори или нивни приклучни возила 100 „

Тарифен број 39

За чување (депозит) на пари, предмети и хартии од вредност што депонентите му ги даваат на чување на надлежен орган се плаќа годишно за секои започнати 500 динари од вредноста 8 дин.

Забелешка·

Ако вредноста на предметот не е позната, таа ќе се утврди со процена

Таксата од овој тарифен број се плаќа за првата година однапред, а за другите години при подигањето на депозитот Започнатата година се смета како цела.

Ако депозитот по барање на депонентот се пренесува од еден депонент на друг, за преносот се плаќа износот на едногодишна такса Оваа такса не се плаќа за депозитите што се полагаат по барање од државните органи, односно по службена должност ако се подигнати во рок.

Тарифен број 40

За опомена со која обврзникот се повикува да ја плати должната такса 20 дин

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**109.**

Врз основа на член 84 став 1 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија, („Службен весник на Република Македонија" број 52/91), а во врска со член 1 и 2 од Законот за помилување („Службен весник на СРМ" бр. 15/77), Претседателот на Република Македонија донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Потполно се ослободуваат од натамошно издржување на изречената казна затвор осудените лица:

1. Пешевски Стаме Драге, од с. Горно Оризари,
2. Ангелески Драган Рубин, од Прилеп,
4. Наумовска Ѓорѓи Вера, од Битола.

II

Извршувањето на изречената казна затвор му се услови за 1 година на осуденото лице:

1. Михајловски Кирил Добри од с. Омоњица во траење од 2 месеци и 7 дена.

III

Извршувањето на изречената казна затвор му се услови за 2 години на осуденото лице:

1. Ќира Селаедин Себаудин од с Биљево во траење од 3 месеци.

IV

Му се укинува мерката за безбедност забрана за вршење надлежности во врска со располагањето, управувањето или ракувањето со општествен имот или чување на тој имот на осуденото лице·

1. Стојановски Ангеле Зоран, од Тетово.

V

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-121
5 февруари 1992 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с. р.

**110.**

Врз основа на член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90), Владата на Република Македонија донесува

# УРЕДБА
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПРОДАЖБА НА СТОКИ ЗА СТРАНСКИ СРЕДСТВА НА ПЛАЌАЊЕ ВО ПОСЕБНИ ЦАРИНСКИ ПРОДАВНИЦИ

Член 1

Во Уредбата за продажба на стоки за странски средства на плаќање во посебни царински продавници („Службен лист на СФРЈ", бр. 71/91), во Списокот на стоките што можат да се продаваат за странски средства на плаќање во посебни царински продавници кој е составен дел на оваа уредба, се вршат следниве дополнувања:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Тарифна ознака | Наименување |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 40.10 | | Траки и каиши од гума за транспортни или трансмисиони намени |
| | 4010.10 | — Каиши со трапезоиден попречен пресек |
| 40.11 | | Нови надворешни пнеуматски гуми (вклучувајќи и тјубелес гуми) |
| | 4011.10 | — За патнички автомобили (вклучувајќи караван и натпреварувачки автомобили) |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| 42.03 | | Облека и прибор за облека од кожа или од вештачка (реконструирана кожа)· |
| | 4203.10 | — Облека |
| | 4203.2 | — Нараквици |
| | 4203.21 | — Спортски нараквици |
| | 4203.29 | — Други |
| | 4203.30 | — Ремени и ремени — реденици |
| 61.03 | | Облека, комплети, јакни и сакоа, панталони, панталони со пластрон и прерамки, бриџ-панталони и шорцеви (освен гаќи за капење) за мажи и момчиња, плетени или хеклани |
| | 6103.3 | — јакни и сакоа: |
| | 6103.31 | — од волна или од фина животинска длака |
| | 6103.32 | — од памук |
| 61.10 | | Џемпери со или без закопчување, пуловери, елеци и слични производи, плетени или хеклани |
| | 6110.10 | — од волна или од фина животинска длака |
| | 6110.20 | — од памук· |
| | 6110.201 | — лесни, фино плетени џемпери и пуловери, со рол јака, со полујака или со чамец изрез |
| | 6110 209 | — друго |
| | 6110.2091 | — за мажи или момчиња |
| | 6110.2099 | — за жени или девојчиња |
| 61.12 | | Тренерки, скијачка облека и гаќи за капење или костими, плетени или хеклани: |
| | 6112.1 | — тренерки |
| | 6112.11 | — од памук |
| | 6112.12 | — од синтетички влакна |
| | 6112.19 | — од други текстилни материјали |
| 61.15 | | Хула-хоп чорапи, чорапи, вклучувајќи чорапи за вени и калци без ѓонови, плетени или хеклани· |
| | 6115.1 | — хула-хоп чорапи |
| | 6115.11 | — од синтетички влакна со нумерација на едножично предиво помало од 67 децитекси |
| | 6115.12 | — од синтетички влакна со нумерација на едножично предиво од 67 децитекси или поголема |
| | 6115 19 | — од други текстилни материјали |
| | 6115 20 | — женски долги чорапи или доколеници, со нумерација на едножично предиво помала од 67 децитекси |
| | 6115 9 | — друго |
| | 6115 91 | — од волна или фина животинска длака |
| | 6115 92 | — од памук |
| | 6115 93 | — од синтетички влакна |
| | 6115 99 | — од други текстилни материјали |
| 62.03 | | Облека, комплети, јакни, панталони, панталони со пластрон и прерамки, бриџ панталони и шорцеви (освен гаќи за капење), за мажи и момчиња· |
| | 6203 2 | — комплети. |
| | 6203 21 | — од волна или фина животинска длака |
| | 6203 22 | — од памук. |
| | 6203 229 | — други |
| | 6203 3 | — јакни и сакоа |
| | 6203 31 | — од волна или фина животинска длака |
| | 6203 33 | — од синтетички влакна |
| | 6203 339 | — други |
| | 6203 4 | — панталони, панталони со пластрон и прерамки, бриџ панталони и шорцеви |
| | 6203 421 | — панталони и бриџ-панталони |
| | 6203 4219 | — други |
| | 6203.429 | — други |
| | 6203.439 | — други |
| 62.04 | | Костуми, комплети, јакни и сакоа, фустани, здолници, здолници-панталони, панталони, панталони и шорцеви (освен гаќи за капење и костими) за жени и девојчиња· |
| | 6204.2 | — комплети: |
| | 6204.229 | — други |
| | 6204.23 | — од синтетични влакна· |
| | 6204 239 | — други |
| | 6204 3 | — јакни и сакоа |
| | 6204 32 | — од памук |
| | 6204.329 | — други |
| | 6204.33 | — од синтетички влакна. |
| | 6204 339 | — други |
| | 6204.4 | — фустани· |
| | 6204.42 | — од памук |
| | 6204.5 | — здолници и здолници панталони |
| | 6204.52 | — од памук |
| | 6204.53 | — од синтетични влакна |
| | 6204.6 | — панталони, панталони со пластрон и прерамки, бриџ панталони и шорцеви |
| | 6204 6229 | — други |
| | 6204 629 | — други |
| 62 05 | | Кошули за мажи и момчиња: |
| | 6205.10 | — од волна или фина животинска длака |
| | 6205 20 | — од памук |
| | 6205.30 | — од вештачки или синтетички влакна |
| | 6205.90 | — од други текстилни материјали |
| 62.06 | | Блузи, кошули и кошули-блузи, за жени и девојчиња· |
| | 6206.10 | — од свила или од отпадоци од свила |
| | 6206.30 | — од памук |
| | 6206.40 | — од вештачки или синтетички влакна |
| 62.07 | | Поткошули и други маици, гаќи, ноќници, пижами, наметки за капење, домашни наметки и слични производи, за мажи и момчиња: |
| | 6207 9 | — друго |
| | 6207.91 | — од памук |
| | 6207 92 | — од вештачки или синтетички влакна |
| | 6207 99 | — од други текстилни материјали |
| 62.08 | | Поткошули и други маици, комбинезони, здолници, гаќички, килоти, ноќници, пижами, утрински фустани, наметки за капење, роби и слични производи, за жени и девојчиња· |
| | 6208 9 | — друго |
| | 6208 91 | — од памук |
| 62.09 | | Облека и прибор за облека, за бебиња· |
| | 6209 10 | — од волна или фини животински длаки |
| | 6209 20 | — од памук |
| | 6209.90 | — од други текстилни материјали |
| 62.14 | | Шалови, ешарпи, марами, шамии, велови и слични производи |
| | 6214 10 | — од свила или отпадоци од свила |
| | 6214.20 | — од волна или фина животинска длака |
| | 6215 20 | — од вештачки или синтетични влакна |
| 68.08 | | Плочи од билни влакна |
| | 6808.00 | — плочи од билни влакна |
| 70.15 | | Стакло за часовници и слични стакла, стакло за некорективни и корективни очила искривени, свиткани, издлабени и слично обработени, оптички необработени, издлабени сферни стакла и сегменти за производство на такви стакла· |
| | 7015.10 | — стакло за корективни очила |
| 84.14 | | Вентилатори |
| | 8414.51 | — Вентилатори плафонски |
| 84.23 | | Ваги (освен ваги со осетливост до 5 центи грами) вклучувајќи и машини за броење и контрола, што работат врз база на мерење на масата: |
| | 8423.10 | — Ваги за мерење на масата на лица, вклучувајќи и ваги за бебиња, ваги за домаќинства |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| 84.50 | | Машини за перење за домаќинство и пералници, вклучувајќи и машини кои перат и сушат |
| | 8450 1 | — Машини со вградени центрифугални уреди за цедење |
| | 8450 11 | — целосно автоматски |
| | 8450 12 | — Други со вградени центрифугални уреди за цедење |
| | 8470 2 | — Други електронски машини за сметање |
| | 8470 10 | — Електронски машини за сметање што работат без надворешен извор на енергија |
| | 8470 21 | — Со вграден уред за печатење |
| 85 01 | | Електрични трансформатори |
| | 8504 40 | — Статички конвертори (претворачи) |
| 85 06 | | Примарни батерии |
| | 8506 19 | — Друго |
| 85 07 | | Електрични акумулатори |
| | 8507 30 | — Никел кадмиум акумулатори |
| 85 08 | | Електромеханички алат за работа во рака со вграден електромотор |
| | 8508 10 | — Дупчалки од сите видови |
| | 8508 90 | — Делови |
| | 8508 901 | — Дупчалки |
| 85 09 | | Електромеханички апарат за домаќинство со вграден електромотор |
| | 8509 40 | — Апарати за мелење и месење на храна соковници за овошје и зеленчук |
| | 8509 80 | — Други апарати |
| 85 11 | | Електрична опрема за палење и покренување на мотори со внатрешно согорување кои се палат со помош на свеќичка или компресија (нпр. магнети за палење, динамо магнети макари за палење, свеќички за палење и свеќички за загревање, електро-покренувачи) и реглери за нив: |
| | 8511.10 | — Свеќички за палење |
| 85 12 | | Електрична опрема за осветлување и сигнализација (освен производи од тар. бр. 85 точка 39), бришачи, ветробрани, уреди за одмрзнување и уреди за одмаглување за бицикли и моторни возила· |
| | 8512.40 | — бришач на ветробранот (за патнички возила) |
| 85 16 | | Електрични апарати за греење на простории и електрични апарати за греење на подови |
| | 8516 7 | — Други електротехнички уреди |
| | 8516 29 | — грејни плочки |
| | 8516 60 | — други рерни, шпорети, решоа, скари и разни: |
| | 8516 79 | — друго |
| | 8516 601 | — Шпорети |
| | 8516 609 | — друго |
| 85 17 | | Електрични апарати за жична телеграфија |
| | 8517 822 | — телефакс апарати |
| 85 23 | | Припремени неснимени подлоги |
| | 8523 20 | — магнетни плочи (дискови) |
| 85.43 | | Други машини и апарати |
| | 8543 809 | — Друго<br>ЕХ видео ревиндер |
| 94 05 | | Лустери и останати плафонски и ѕидни светлечки тела. |
| | 9405 10 | — Лустери и останати плафонски и ѕидни светлечки тела |

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во **„Службен весник на Република Македонија“.**

Бр. 23-316/1
30 јануари 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с. р.

**111.**

Врз основа на член 91 алинеја 5 од Уставот на Република Македонија и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр 38/90), Владата на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РЕЖИМОТ НА ДВИЖЕЊЕ НА ВОЕНИ ВОЗИЛА И ВОЗДУХОПЛОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Движењето на возила и воздухоплови на ЈНА на територијата, однесно воздушниот простор на Република Македонија може да се одвива само со посебна дозвола.

2. Дозволата за движење на воените возила ја издава Министерството за внатрешни работи

3 За возилата кои превезуваат прехранбени производи и лекови за потребите на ЈНА сместени во објекти на територијата на Република Македонија не е потребна дозвола во смисла на точка 1 од оваа одлука.

4. Спроведување на оваа одлука врши Министерството за внатрешни работи. Министерството за народна одбрана, Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија и Републичкиот штаб за територијална одбрана

5 Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“

Бр 23-394/1
4 февруари 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с. р.

**112.**

Врз основа на член 91, алинеја 5 од Уставот на Република Македонија и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90), Владата на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РЕЖИМОТ НА ВЛЕГУВАЊЕ НА ВОЕНИ ВОЗИЛА И ВОЗДУХОПЛОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Заради заштита на суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија, се забранува влегување на воени и други возила кои се користат за потребите на ЈНА, возила на железничкиот сообраќај наменети за превоз на воена опрема на територијата на Република Македонија, како и воздухоплови, доколку за тоа немаат дозвола од Министерството за внатрешни работи

2. Спроведувањето на оваа одлука го вршат Министерството за внатрешни работи, Министерството за народна одбрана, Републичкиот штаб за територијална одбрана и Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-393/1
4 февруари 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с. р

**113.**

Врз основа на член 1 од Законот за мерките што може да се преземаат заради спречување и отстранување на нарушувањата на тековите на општествената репродукција („Службен весник на Република Македонија" бр 57/91), Владата на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМЕНУВАЊЕ НА КУРСОТ НА ДИНАРОТ ВО ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ СО СТРАНСТВО И ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ДЕВИЗНИОТ ПРИЛИВ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1 Во Одлуката за применување на курсот на динарот во платниот промет со странство и за издвојување и насочување на дел од девизниот прилив во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр 53/91), во точката 1, ставовите 2 и 3 се бришат.

2 Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија"

Бр 23-396/1
30 јануари 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с р

**114.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија, на седницата одржана на 11 декември 1991 година, донесе

## ОДЛУКА

1 СЕ УКИНУВААТ член 9, член 23-а, член 34 ставовите 1, 2 и 3, член 40 и член 41 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри на автомати („Службен весник на СРМ" бр 17/87, 51/88, 36/89 и 38/91)

2 Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

3. Трговско-угостителско-туристичкото претпријатие „Атлантик" од Умаг и Друштвото за хотелиерство „Вегас" од Палиќ, со предлози поднесени до Уставниот суд на Република Македонија, поведоа постапка за оценување уставноста на законските одредби наведени во точката 1 од оваа одлука Според наводите од предлозите со оспорените одредби се ставале во нееднаква положба Лотарија на Македонија, која може да поставува автомати за игри на среќа во било кои објекти и простории што ги исполнуваат условите за тоа, организациите од областа на угостителството и туризмот, кои можат да поставуваат такви автомати само во просториите во кои ја вршат својата дејност, како и другите организации кои не се од областа на угостителството и туризмот, кои воопшто не можат да поставуваат автомати за игри на среќа Со тоа, според наводите во предлозите, не се обезбедуваат рамноправни услови за вршење на дејноста на стопанските субјекти, се оневозможува слободното истапување на пазарот и се овозможува стекнување предности на основа на монопол и економски неоправдани предности, што не било во согласност со Уставот на Република Македонија

4 Судот утврди дека со член 9 од Законот се утврдени субјектите што можат да приредуваат игри на среќа и видовите игри на среќа за секој од нив посебно Притоа, Лотарија на Македонија може да ги приредува сите игри на среќа што се предвидени со Законот, општествените организации од областа на физичката култура — томбола и обложување на спортски натпревари, општествените организации од областа на техничката култура — томбола, организациите на здружениот труд — наградни конкурси и организациите на здружениот труд од областа на угостителството и туризмот — посебни игри на среќа. Според член 23-а, играчница од отворен тип може да организира само Лотарија на Македонија во посебно уредени простории за таа намена. Според член 34 став 1 од Законот автомати за игри на среќа надвор од играчница можат да поставуваат Лотарија на Македонија и организациите на здружениот труд од областа на угостителството и туризмот, врз основа на одобрение од надлежниот орган. Според ставот 2 на овој член Лотарија на Македонија може да ги поставува автоматите во просториите во кои ја вршат својата дејност, во угостителски објекти од А и Б категорија и во други објекти и простории за јавна употреба во согласност со корисниците односно сопствениците на тие објекти и простории, додека според ставот 3 организациите на здружениот труд од областа на угостителството и туризмот автомати можат да поставуваат само во угостителските објекти од А и Б категории во кои ја вршат својата дејност Според член 40 забавни игри на автомати можат да приредуваат Лотарија на Македонија, организациите на здружениот труд од областа на угостителството и туризмот и општествените организации Според член 41 овие игри Лотарија на Македонија може да ги приредува во своите простории и во други угостителски објекти и простории во согласност со нивните корисници односно сопствениции, додека организациите на здружениот труд од областа на угостителството и туризмот и општествените организации — само во просториите во кои ја вршат својата дејност.

5. Според член 55 став 1 од Уставот на Република Македонија се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото, а според став 2 Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот и презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот Според ставот 3 слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено за ради одбраната на Републиката, зачувувањето на природната и животната средина или на здравјето на луѓето

И според член 91 од Уставот на СР Македонија од 1974 година, кој престана да важи на 17 ноември 1991 година, Републиката обезбедуваше рамноправни услови за вршење на дејноста на организациите на здружен труд, на нивните здруженија и на работните луѓе и за стекнување на доход и спречуваше да се стекнуваат предности врз основа на монопол на пазарот и други општествено и економски неоправдани предности

Судот смета дека уставниот принцип според кој претпријатијата и другите субјекти на пазарот се рамноправни во вршењето на својата дејност и во стекнувањето на доходот и според кој нивната различна положба може да произлегува единствено од законитостите на пазарот, создава уставна обврска за Републиката, при законското уредување на условите за вршење определени дејности, да обезбеди еднаква положба на сите субјекти што ја вршат соодветната дејност Судот, понатаму, смета дека во рамките на уредувањето на условите за вршење на определени дејности, во зависност од нивните специфичности, со закон можат да се утврдуваат и специфични услови, но притоа мора да се обезбеди тие еднакво да се однесуваат на сите субјекти кои ја вршат соодветната дејност

Со оглед на тоа што со оспорените законски одредби се пропишуваат различни услови за приредување игри на среќа за Лотарија на Македонија и за другите организации, Судот смета дека овие субјекти се доведуваат во нееднаква правна положба, поради што оцени дека тие не се во согласност со наведените уставни одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 60/91
11 декември 1991 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
м-р **Јордан Арсов**, с р.

И С П Р А В К А

на Одлуката за трансформирање на користени средства од Постојаната резерва на Република Македонија

Во Одлуката за трансформирање на користени средства од Постојаната резерва на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/91), во точка 1 на крајот наместо зборот „развој" треба да стојат зборовите „заеднички резерви"

Од Владата
на Република Македонија

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот од доход („Службен весник на Република Македонија" бр 4/92), направена е грешка, поради што се дава

И С П Р А В К А

на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот од доход

Во член 5 наместо бројот „1992" треба да стои бројот „1991"

Бр 08-267/2
3 февруари 1992 година
Скопје

Министер за финансии,
м р Методија Тошевски, с р

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА СИЗ ЗА ПАТИШТА

9.

Врз основа на член 104 од Законот за патишта („Службен весник на СРМ" бр. 15/80), член 20 и 27 од Самоуправната спогодба за здружување во Републичката СИЗ за патишта и член 20 и 66 од Статутот на Републичката СИЗ за патишта, Собранието на Републичката СИЗ за патишта, на седницата одржана на 27 декември 1991 година, донесе

### ГОДИШНА ПРОГРАМА
### ЗА ИЗГРАДБА, ОДРЖУВАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА МАГИСТРАЛНАТА И РЕГИОНАЛНАТА ПАТНА МРЕЖА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1992 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува обемот на работите и средствата за изградба, одржување и реконструкција на магистралните и регионалните патишта во Републиката и другите активности во 1992 година, нивниот распоред и начинот на користењето.

II

Средствата за изградба, одржување и реконструкција на патиштата се утврдуваат во износ од 3 729 300 000 динари и тоа од·

Во илјади динари

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Надоместок за патишта што се пресметува и наплатува од цената на нафтените деривати | 2.250 000 |
| 2 | Надоместоци за употреба на патишта што се плаќаат при регистрација на моторните и приклучните возила | 170 000 |
| 3 | Надоместоци што ги плаќаат странските моторни возила | 77 000 |
| 4. | Наплата на патарина на Автопатот | 650.000 |
| 5 | Кредит од МБ по III секторски заем за патишта | 384 000 |
| 6. | Средства од курсни разлики | 135.300 |
| 7 | Останати приходи | 63.000 |
| | Вкупно приходи· | 3.729.000 |

III

Средствата во висина на приходите од 3.716 300.000 динари ќе се користат за следните намени·

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Одржување на патишта | | 1.107.750 |
| 1 1 | Зимско одржување | 150 000 | |
| 1 2 | Редовно одржување | 237 750 | |
| 1 3. | Инвестиционо одржување | 650 000 | |
| 1 4. | Останати работи врзани со одржување (броење на сообраќајот, катастар, заштита и контрола, надзор, изградба, оперативна резерва, трошоци за наплата на патарина на автопатот и друго | 70 000 | |
| 2 | Инвестиции | | 2 176 830 |
| 2 1. | Инвестиции со учество на МБ по III секторски заем за патишта | 869.000 | |
| 2 1 1 | Рехабилитација на Западен пат делница Кичево — Ботун — 41 км | 279.000 | |
| 2 1 2. | Реконструкција на пат Тетово — Гостивар — 11,2 км. | 400.000 | |
| 2.1 3 | Реконструкција и рехабилитација на разни патишта | 190.000 | |
| 2.1 3 1. | Штип — Струмица — 5 км | 150 000 | |
| 2.1.3.2. | Кадрифаково — Св. Николе — 11 км | 40.000 | |
| 2.2. | Реконструкција и надградби | 273.000 | |
| 2 2 1. | Титов Велес — Штип делница Т. Велес (Центар) — Крива Круша — III лента 3,2 км. | 50.000 | |
| 2.2.2. | Градско — Прилеп — Битола делница Радобил — Ленишки Мост (III лента на Плетвар) 10 км. | 223.000 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.3. Изградба | | 879.670 | |
| 2.3.1. ТЈА „Братство — Единство“ во Р. Македонија | 275 000 | | |
| 2 3 1 1. Делница Градско — Стоби — 5 км | | | |
| 2.3.1 2 Миладиновци — Маџари — 10,3 км | | | |
| 2.3 2 Билатерални обврски на Република Македонија за отворање на гранични премини и пристапни патишта | 130 620 | | |
| 2 3.2 1. Берово — Клепало 9 км | — | | |
| 2.3.2.2 Други гранични премини со пристапни патишта | — | | |
| 2.3.3. Обиколка на Крива Паланка | 150.000 | | |
| 2.3.4. Берово — Струмица 20 км. | 278.800 | | |
| 2.3.5. Обврски по технички приеми од претходни среднорочија | 63.250 | | |
| 2.3.5.1. Врска Автопат — Аеродром, 1,8 км. | 25.000 | | |
| 2 3 5.2. Клучка Кукуречани | 38.250 | | |
| 2 4. Експропријација и изместување на инфраструктура | | 155 160 | |
| 3 Обврски за здружување на средства за изградба на енергетски објекти | | | 40 000 |
| 4 Отплата на странски кредити | | | 271.150 |
| 5 Учество во изградба и одржување на локалните патишта | | | 74 000 |
| 6 Останати трошоци (студии и проектирање, доход на Стручната служба, разни провизии на банки и СОК, трошоци за функционирање на Заедницата, разни материјални трошоци и др) | | | 59.570 |
| Вкупно расходи: | | | 3.729.300 |

IV

Годишната програма за 1992 година влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 14-1/2
7 февруари 1992 година
Скопје

Претседател,
**Никола Танески,** с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Пред Општинскиот суд Скопје II — Скопје е заведен предмет за расправање на оставината на покојниот Поповиќ Душан, роден на 15. V. 1903 година, а починал на 16. V 1991 година во Скопје, државјанин на Република Македонија и СФРЈ

Како наследник на покојниот се јавува и Софија Поповиќ, ќерка на покојникот, со непозната адреса на живеење.

Се повикува Софија Поповиќ да се јави во овој суд во рок од една година сметано од денот на објавувањето на судскиот оглас или, пак, во тој рок, да ја достави својата сегашна адреса на живеење. Во спротивно, ќе и биде поставен привремен старател во смисла на чл. 132 од ЗН кој ќе се грижи за нејзините интереси во постапката.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, О. бр. 424/91 (15)

---

Пред Општинскиот суд Скопје II — Скопје заведен е спор за зголемување на издршка по тужбата на малолетната тужителка Ивона Пауновиќ од Скопје, застапувана од законскиот застапник мајката Светлана Пауновиќ, против тужениот Петар Пауновиќ во САД со непозната адреса.

Се повикува тужениот Петар Пауновиќ да се јави во Општинскиот суд Скопје II — Скопје во рок од 30 дена од денот на објавувањето на судскиот оглас или во истиот рок да ја достави својата точна адреса на живеење. Во спротивно, во смисла на чл. 84 од ЗПП в. в. со чл. 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија, ќе му биде поставен привремен старател кој ќе ги застапува неговите интереси во спорот.

Од Општинскиот суд Скопје II Скопје, III П. бр. 2620/91. (17)

---

Пред Општинскиот суд Скопје II — Скопје се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Сузана Шиљковска од Скопје, ул „510“ бр 1 нас Илинден, против тужениот Моме Шиљковски, сега со непозната адреса на живеење

Се повикува Моме Шиљковски од с Марино да се јави во рок од 30 дена од објавувањето на судскиот оглас во судот и да ја достави својата адреса на живеење или да овласти полномошник кој ќе го застапува во постапката и да го достави неговото име и адреса.

Доколку тужениот не се јави во судот, во рок од 30 дена од објавувањето на судскиот оглас, ќе му биде поставен привремен старател кој ќе ги заштитува неговите интереси во постапката

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, П. бр 2531/91 (18)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ГОСТИВАР

Пред овој суд се води спор за развод на брак по тужбата на тужителката Јакупи род Абдулаи Заиде од Гостивар, ул „Кочо Зози“ бр 27, против тужениот Јакупи Џеват од Гостивар, ул „Кочо Зози“ бр 27, сега со непозната адреса во странство

Се повикува тужениот Јакупи Џеват да се јави во судот во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот или да ја достави сегашната адреса на живеење.

Доколку не се јави во овој рок, ќе му биде одреден привремен старател во смисла на чл. 84 од ЗПП и истиот ќе ги застапува неговите интереси во овој спор.

Од Општинскиот суд во Гостивар, П. бр. 993/91.

ОПШТИНСКИ СУД ВО КУМАНОВО

Пред овој суд се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Филиповиќ Љубиша од Куманово, против тужената Нада Филиповиќ, со непозната адреса, и постапка за сопственост по тужбата на истиот тужител против истата тужена

Се повикува тужената по двата предмета да се јави во судот во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот или, пак, на судот да му достави своја адреса

Доколку тужената не се јави во определениот рок или не достави адреса, на истата ќе и биде одреден привремен старател во смисла на чл 84 од ЗПП кој ќе ги застапува нејзините интереси до завршувањето на постапката или додека тужената не се појави во судот.

Од Општинскиот суд во Куманово, П. бр. 1783/90 и П. бр. 1784/90 (13)

---

Пред овој суд се води парнична постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Ѓултене Адеми од Куманово, ул. „Цар Самоил“ бр. 17 против тужениот Екрем Адеми од с. Отља, сега на привремена работа во Швајцарија, со непозната адреса. Се поставува привремен застапник на тужениот и тоа Љубомир Ѓорѓевиќ, стручен соработник во Општинскиот суд во Куманово, кој ќе го застапува во судот.

Од Општинскиот суд во Куманово, П бр. 736/91.

ОПШТИНСКИ СУД ВО РАДОВИШ

Пред Општинскиот суд во Радовиш, се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Реџепов Јуксел од Радовиш, ул. „Шаин маале“ бр 39, против тужената Вилдан Рамадан од Охрид, со непозната адреса во Шведска.

Се повикува тужената да се јави во овој суд во рок од 15 дена по објавувањето на огласот или во истиот рок да ја достави својата адреса на живеење.

Доколку не се јави во рок од 15 дена, за привремен застапник ќе и биде поставен Андон Атанасов, дипл правник од Радовиш, кој ќе ги застапува нејзините интереси до правосилното окончување на спорот.

Од Општинскиот суд во Радовиш, П. бр. 753/91

ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд се води спор за надомест на нематеријална штета по тужбата на тужителот Исени Бејтула од село Мерово, Тетово, против тужениот Мамути Ракип од село Камењане, сега со непозната адреса. Вредност на спорот неопределена.

Се повикува лицето Мамути Риза Ракип од село Камењане, да се јави во судот во рок од 15 дена по објавувањето на огласот или да постави полномошник кој ќе ги штити неговите права и интереси. Во спротивно, овој суд ќе му постави привремен старател кој ќе го застапува до окончувањето на спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 689/91

---

Пред овој суд се води спор за наплата на ненамирена станарина по тужбата на тужителот Стеван Томовски од Тетово, ул. „Александар Здравковски“ бр 6, против тужената Петранка Митева од Тетово, ул. „Илинденска“ бб, влез I кат 8/25. Вредност на спорот 20 000 динари

Се повикува тужената, сега со непозната адреса, да се јави пред Општинскиот суд во Тетово во рок од 15 дена по објавувањето на огласот или да постави свој полномошник кој ќе ги штити нејзините права и интереси сè до окончувањето на спорот Во спротивно, овој суд ќе й постави привремен старател.

**Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1569/91.**

# РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 4740 од 31 VII. 1991 година. на регистарска влошка бр 2-10764-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на станбената задруга под фирма: Станбена задруга „Стан 2001“, ц. о., Неготино, ул. „Марксова“ бр. 9.

Станбената задруга е основана со Спогодба за основање на станбената задруга бр. 01-01 од 23. VII 1991 година, основачи се лицата: Бранко Ајтов од Неготино, ул. „Марксова“ бр. 9, Анѓел Мојсов од Неготино, ул „Марксова“ бр. 7 и Ѓорѓи Василев од Неготино, ул „Антигона“ бр 41

Дејности: вршење на инвестициони работи за изградба на семејни станбени згради и станови, како и деловни простории, доколку истите се наоѓаат во станбената зграда во која се наоѓаат и становите на членовите на станбената задруга; — организирање на штедење за стан на членовите на задругата; — купување на станбени згради и станови, како и деловни простории, доколку истите се предвидени во станбената зграда во која се наоѓа и станот на членот на станбената задруга заинтересиран за вршење дејност со личен труд од општествено-правни лица за потребите на своите членови; — набавување на градежен и друг материјал и елементи потребни за изградба на станбени згради, станови и деловни простории за своите членови; — одржување на станбени згради и станови на членовите на станбената задруга.

Во правниот промет станбената задруга настапува во свое име и за своја сметка Станбената задруга во правниот промет настапува и во свое име и за сметка на задругарите — членови на задругата до висината на влогот на секој задругар

Целосна одговорност

Лице овластено за застапување е Сузана Ајтова, вд работоводен орган, без ограничување

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр 4740/91 (195)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 8813 од 26 XII 1991 година, на регистарска влошка бр 1-12904-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на претпријатието во приватна сопственост како д.о.о и запишувањето право на вршење на работи во надворешно-трговскиот промет под фирма: Претпријатие за производство, сервис и промет на големо и мало „Бит-Маркет“ д о о извоз-увоз, Скопје, ул „Никола Русински“ број 7/9-б

Претпријатието е основано со акт за основање број 01 01 од 17 XII. 1991 година, а основач е Ратко Наумов

Дејности: 011722; 07012; 070123; 070124; 070129; 070140; 0702; 070223; 070224; 070230; 070260, 080114; 09013, 090133; 090209; 070320; 110309; 110909

Претпријатието во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка. За обврските сторени во правниот промет со трети лица, претпријатието одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување во внатрешен и надворешен трговски промет е Ратко Наумов, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 8813/91 (200)

---

## ЛИКВИДАЦИИ

**Окружниот стопански суд во Скопје** објавува дека со решението на овој суд Л бр. 80/91 од 3. XII 1991 година ја заклучи ликвидационата постапка над Претпријатието за деловни услуги, внатрешна и надворешна трговија „Симар комерц“ од Скопје. По правосилноста на решението претпријатието

се брише од регистарот на претпријатијата на овој суд

Од Окружниот стопански суд во Скопје. (35)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека со решението на овој суд Л. бр. 72/91 од 10. XII. 1991 година ја заклучи ликвидационата постапка над Претпријатието во приватна сопственост на трговија на големо и мало увоз-извоз „Илинден комерц“ од с. Вранешница, Кичево. По правосилноста на ова решение ликвидациониот должник се брише од регистарот на претпријатијата на овој суд

Од Окружниот стопански суд во Скопје (33)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека со решението на овој суд Л. бр. 92/91 од 17. XII. 1991 година ја заклучи ликвидационата постапка над Претпријатието за промет на големо и мало Африм комерц“ експорт-импорт од Скопје. По правосилноста на решението ликвидациониот должник се брише од регистарот на претпријатијата на овој суд.

Од Окружниот стопански суд во Скопје. (34)

---

Ликвидациониот совет при Окружниот стопански суд во Штип објавува со решение Л. бр. 23/91 од 9. I. 1992 година ја заклучи ликвидационата постапка над ППС „Денер“ с Колешино — Струмица. По правосилноста на решението ППС „Денер“ с. Колешино — Струмица се брише од регистарот на претпријатијата.

Решението можат да го напаѓаат доверителите со жалба до Стопанскиот суд во Скопје во рок од 15 дена од објавувањето на огласот.

Од Окружниот стопански суд во Штип. (28)

---

## СТЕЧАЈНИ ПОСТАПКИ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека со решението Ст. бр. 355/91 од 28. X 1991 година е отворена стечајна постапка над Приватното претпријатие „ОСОЈ“ од Гостивар.

За стечаен судија се именува Лилјана Саздава, судија на овој суд.

За стечаен управник се назначува Сретен Лазаревски од Гостивар, ул. „Никола Тесла“ бр. 54, телефон 62-168. Се повикуваат доверителите на стечајниот должник да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во „Службен весник на Република Македонија“ до стечајниот совет на овој суд со пријави во 2 примероци со докази

Се задолжуваат должниците да ги намират долговите кон стечајниот должник без одлагање. Се закажува рочиште за испитување на пријавените побарувања на доверителите на стечајниот должник на ден 19. II. 1992 година во 8 часот, соба број 60 во овој суд

Од Окружниот стопански суд во Скопје (29)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува со решението на овој суд СТ. бр. 186/90 од 30. XII. 1991 година ја заклучи стечајната постапка над стечајниот должник Претпријатие за промет на големо и мало „Рисјан“ ДОО увоз-извоз од Скопје. По правосилноста на решението, стечајниот должник да се брише од регистарот на претпријатијата на овој суд.

Од Окружниот стопански суд во Скопје (30)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека со решението на овој суд СТ. бр. 69/90 од 12. VII. 1991 година ја заклучи стечајната постапка над стечајниот должник Договорно претпријатие за браварско-лимарски услуги, производство и трговија на големо и мало „Металка“ од Скопје. По правосилноста на ова решение, стечајниот должник се брише од регистарот на претпријатијата на овој суд.

Од Окружниот стопански суд во Скопје. (32)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека со решението на овој суд СТ бр 686/91 од 12. XII. 1991 година, отвори стечајна постапка над Претпријатието за производство, промет и преработка „Метал Петрол“ од Скопје.

За стечаен судија се именува Катица Ѓошева, судија на овој суд.

За стечаен управник се определува Тодор Тодоровски од Скопје, ул „Хо Ши Мин“ бр. 399-А, тел. 269-769. Се повикуваат доверителите на стечајниот должник да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во „Службен весник на Република Македонија“ до стечајниот совет на овој суд со пријави во два примероци со докази. Се задолжуваат должниците да ги намират долговите кон стечајниот должник без одлагање. Се закажува рочиште за испитување на пријавените побарувања на доверителите на стечајниот должник на 11. III 1992 година во 8,00 часот, соба број 81 во овој суд.

Од Окружниот стопански суд во Скопје (36)

---

## СОДРЖИНА

Страна

108. Закон за изменување на Законот за административните такси — — — — — 73
109. Одлука за помилување на осудени лица 77
110 Уредба за дополнување на Уредбата за продажба на стоки за странски средства на плаќање во посебни царински продавници — — — — — — — — — 77
111. Одлука за режимот на движење на воени возила и воздухоплови на територијата на Република Македонија — — — — — 79
112. Одлука за режимот на влегување на воени возила и воздухоплови на територијата на Република Македонија — — — — — 79
113. Одлука за изменување на Одлуката за применување на курсот на динарот во платниот промет со странство и за издвојување и насочување на дел од девизниот прилив во Република Македонија — — — 80
114. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У бр. 60/91 од 11 декември 1991 година — 80
**Исправка** на Одлуката за трансформирање на користени средства од Постојаната резерва на Република Македонија — — — 81
**Исправка** на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот од доход — — — — — — — — — 81

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

СКОПЈЕ

9. Годишна програма за изградба, одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа во Република Македонија за 1992 година — — — — — 81

---

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на Република Македонија — Скопје, ул. „Васил Ѓоргов“ бб. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Телефон 228-204. Пошт. фах. 51 Жиро сметка 40100-603-12498. Печат: Графичко-издавачко претпријатие „Гоце Делчев“ — Скопје**